7.6 C Скопје март 8, 2020 Приклучи се

Импресум Контакт Маркетинг Услови за користење

ММС РЕАЛЕН МЕДИУМ ЗА РЕАЛНИ ЛУЃЕ







Вести Македонија

# Откриена криминална група кој изработувала оружје

февруари 18, 2019

МВР соопшти дека на девет лица им е одреден притвор откако вчера бил извршен претрес, при што се запленети пофолема количина оружје и муниција.

На 18.02.2019 година, од страна на БЈБ- Единицата за сериозен криминал и тероризам при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во соработка со Единицата за недозволена трговија со оружје, опасни материи и радиоактвен материјал при Одделот за криминалистичка полиција со поддршка на ОСПО и ОКТИВ, и во координација со ОЈО за ГОКК, спроведена е координирана полициска акција со цел сузбивање на повеќечлена  организирана криминална група составена од лица од Скопје, Тетово и Куманово инволвирана во вршење на кривично дело „Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“ предвидено и казниво по чл.396 од КЗ на РСМ.





Во неколку различни случаи документирани се продажби на вкупно десет пиштоли. При реализацијата на 18.02.2019 година, постапувајќи по Наредби за претреси во дом и други простории издадени од Судија за претходна постапка, извршени се претреси на вкупно 13 локации, а при претресите лишени од слобода се Ф.А. (39), Б.А. (34), Н.М. (63), Ф. Ј. (32), А.А. (29), С.Н. (48), Б.М. (25) сите од Скопје и Џ.Р. (36) од Тетово и С.И. (47) од Куманово.

Од досега преземените оперативно – тактички мерки при спроведеното криминалистичко истражување вкупно пронајдени и одземени се една автоматска пушка, една ловна пушка, 16 пиштоли, муниција од различен калибар, мобилни телефони и СИМ картички.

Ф. А. и А. Б.  подолг период, во работилница лоцирана во Скопје, со употреба на пригоден алат

изработувале огнено оружје пиштол на тој начин што Ф. А. набавувал потребна количина на пиштоли за светлосна и звучна сигнализација, додека А.Б. во својата работилница сигналното оружје го конвертирал во огнено оружје, на начин што ја вадел цевката која што служи за испукување на гасен куршум и на нејзино место вметнувал метална цевка претежно од калибарот 7,65 мм,. Исто така, биле набавувани и други видови на огнено оружје и разни видови на муниција кои ги продавале на заинтересирани лица.

По конвертирањето на оружјето, пронаоѓале заинтересирани лица и го продавале по цена од 250 до 400 евра, соопшти МВР.

зов за
жени,
не...

ИЗБОР НА УРЕДНИК

жени
ич
ности
е:...

утврди
дали
Радио
Јон
има...

Весна Коловска

сподели:

Facebook Twitter Skype WhatsApp Pinterest

Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините **Услови за користење**.

## ЗА НАС

Македонски Медиа Сервис (ММС) е трговско друштво основано 2008 година. Основна дејност на Македоски Медиа Сервис е продукција на мултимедијални содржини, кои се објавуваат преку основниот информативен портал mms.mk. Содржини на Македонски Медиа Сервис се наменети за широката публика (B2P) и медиумите кои ќе користат сервис (B2B).

Контактирај не mms@mms.mk

@2014-2019 - https://mms.mk. Сите права се овозможени.

Согласни со iab. Етички кодекс